РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1109/6
20 -05- 2020 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот број 09-1109/1 од 07.03.2019 година, бидејќи вработувањето во УЈП на Катерина Јакимовска, сестра на на пратеникот Тања Ковачева, е спроведено согласно Законот за агенциите за привремени вработувања, по што ДКСК го запира своето постапување.

Предметот со број 09-1109/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на сознанија од медиумите во Република Северна Македонија оформен е предмет број 09-1109/1 од 07.03.2019 година за постоење судир на интереси за пратеникот во Собрание не РСМ, Тања Ковачева, бидејќи имала влијание при вработувањето на својата сестра, Катерина Јакимовска во Управата за јавни приходи.

Согласно своите надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Управата за јавни приходи, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси. Од увидот во документацијата, Државната комисија ги утврди следниве состојби:

Лицето Катерина Јакимовска, почнувајќи од 27.06.2017 година до 31.05.2019 година, континуирано е вработено во УЈП, преку агнеции за привремени вработување.

Со договор број 04-4780/2 од 27.0.2017 година заведен во УЈП, Агенција за привремени вработувања „ Арбеит ДЕ" од Скопје, отстапува на УЈП едно лице – асистент во генерална дирекција Скопје за период од 28.04.2017 до 31.12.2017 година, а врз основа на договор за набавка на услуги број 03-674/6 од 22.02.2017 година со Агенција за привремени вработувања Арбеит ДЕ. Во барањето за ангажирање на еден извршител асистент, наведено е лицето да има високо образование, но не и какви квалификации. Согласно Правилникот за систематизација на работните места од 04.11.2016 година, за оваа позиција предвидени се следниве квалификации: Организациони науки и управување (менаџмент), Економски науки, Кинезиологија (спортски науки). Вработувањата во 2017


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

година се одобрени од Министерство за финансии со допис од 17.10.2016 година за 18 лица;

За бараните вработувања, во јануари 2018 г, од Министерството за финансии е добиена согласност за вработување на 20 лица со ангажман до 31.12.2018 година врз основа на кое до АПВ АРБЕИТ ДЕ, доставено е барање за отстапување на 14 лица од кои за шест лица е за период од 01.01.2018 до 31.03.2018 година, а за 14 лица за период од 01.01.2018 до 31.01.2018 година меѓу кои е и работното место на кое е распоредена Катерина Јакимовска. Со анекси на договорите меѓу Управата заа јавни приходи и АРБЕИТ ДЕ и Катерина Јакимовска, овозможено е нејзино ангажирање и во текот на февруари 2018 година.

Во март 2018 година, со истата АПВ склучен е нов договор за на услуги за привремени вработувања по оглас за доделување на договор за ЈН 12/2017 со важност до март 2019 година. На 26.10.2018 година, лицето Катерина Јакимовска со АПВ склучува спогодба за престанок на работен однос, од причина што за потребите на УЈП и имплементација на Е-ПДД, со УЈП склучува договор на дело за период до 31.12.2018 г.

За 2019 година, од Министерство за финансии добиена е согласност за ангажирање на 42 лица. Со договор број 03-7770/3 од 28.12.2018 година склучен со АПВ „СПИД„ ангажирани се 36 лица за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година, т.е за три месеци. Меѓу ангажираните лица е и Катерина Јакимовска, на истото работно место- асистент во генерална дирекција врз основа на договор склучен меѓу неа и АПВ Спид.

Дополнително со Анекс број 03-61/4 од 04.02.2019 година кон договорот од 2018 година, периодот за ангажирање на лицата е продолжен до 31.05.2019 година, без промени во другите членови на договорот.

По вака утврдената состојба Државната комисија побара од Министерството за финансии да го преиспита ангажирањето на лица преку агенции за времени вработувања за вршење на работни задачи за кои се потребни соодветни квалификации и одредено работно искуство во областа во однос на навремено и ефективно исполнување на задачите и целите на Управата за јавни приходи, во случаи ангажираните лица да не поседуваат соодветно образование.

Од Министерството за финансии беше доставено известување дека, истото не е надлежно да го преиспита ангажирањето на лица преку агенции за времени вработувања во Управата за јавни приходи, со оглед на тоа дека Управата за јавни приходи има својство на правно лице, самостојно настапува во правниот промет, врз основа на што има легитимно право самостојно да ангажира лица со склучување на договори за привремени вработувања.

Поради фактот што ангажирањето на Катерина Јакимовска во УЈП е спроведено согласно Законот за агенциите за привремени вработувања, постојат основи за сомневање за влијание од пратеникот во Собрание не РСМ, Тања Ковачева, при вработувањето на својата сестра, но поради начинот на кој се спроведува таа постапка, без јавен оглас, без можност за конкуренција Државната комисија не е во можност да го утврди

потенцијалното влијание и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон наведеното лице.

Изборот на лица кои во УЈП ќе бидат ангажирани преку агенции за привремени вработувања, создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, Виш соработник
Одобрил: Катица Николовска, член на ДКСК